Драги сограѓани,

Пред сите нас е исправен голем предизвик. Предизвик во кој секој од нас треба да одлучи во какво место сака да живее. Дали ќе живееме во европско Кочани или во Кочани со најголема невработеност. Дали ќе живееме во перспективно Кочани или Кочани каде младите ќе продолжат да се иселуваат. Дали Кочани во кое нашите сограѓани ќе немаат елементарни услови за живеење, вода, канализација, јавно осветлување, асфалтирани улици и бетонирани тротоари или пак Кочани во кое нашето маало, нашето село, нашето соседство ќе биде примерно и урбано уредено место, каде секој наш жител ќе се чувствува пријатно во својот дом. Изборот е наш. Јас се одлучив. Решен сум несебично да го вложам целото мое знаење, целото мое искуство, без ни малку да се штедам, но за ова неопходна ќе ми биде Вашата поддршка.

Тргнувајќи од мојата силна определба за промена на состојбите во Општина Кочани, со чист образ излегувам пред граѓаните на нашата Општина. Во изминатиов период најголемиот дел од моето работно искуство го поминав во приватниот сектор. И токму поради тоа сметам дека вистинско внимание треба да посветиме на подобрување на условите за стопанисување на приватниот сектор, а со тоа ќе ја подобриме црната состојба со невработеноста во нашата општина и ќе дадеме дополнителен импулс на економската моќ на нашите сограѓани. Со моето искуство како Пратеник во два мандата во Собранието на Република Македонија, искуството во изготвувањето на државниот буџет и непосредниот контакт со граѓаните, точно знам на кој начин најрационално да ги искористиме народните пари во интерес на граѓаните на нашата општина.

Мојот мотив за европско и перспективно Кочани е огромен. Тука сум роден, во Кочани, тука сум го поминал најголемиот дел од мојот живот, тука се моите другари, пријатели, соседи. Тоа и можеби не ме прави поголем локал патриот од некој што не е тука роден, но она што е моја најсилна причина за прифаќање на овој предизвик е нашата иднина, нашите деца. Сакам моите деца, нашите деца, идните поколенија да живеат во место со кое ќе се

гордеат. Убеден сум дека со Ваша поддршка ќе успееме во оваа наша цел.

Искрено Ваш,

Миле Андонов

За време на четиригодишниот мандат, за периодот од 2013 до 2017 година, упорно и посветено ќе работиме на создавање на силна и финансиски независна општина, со доминантна улога во регионот и пошироко. Искрено ќе работиме за:

- зголемување на буџетот, пред се со правилно менаџирање со неизграденото градежно земјиште;

- зголемување на процентот на ДДВ и персонален данок што централната власт го трансферира на општините;

- зголемување на трансферот на средства за регионален развој што по закон и припаѓа на општината;

- пренесување на надлежност за управување со земјоделското земјиште, шумите и пасиштата;

- пренесување на дел од надлежностите во примарното здравство и социјалната заштита на граѓаните;

- формирање на општински служби за јавен ред и мир;

- добивање право на сопственост на општината на сите објекти од областа на културата и спортот;

# 1. ИНФРАСТРУКТУРА

## Гасификација

Гасификација  и искористување на Геотермалната енергија за потребите во индустријата и домаќинствата

***Проблем:***

Скапите енергенси го осиромашуваат домашниот буџет. Досегашната локална самоуправа не презема ништо во подобрување на оваа состојба.

***Решение:***

Овој проблем ќе го решиме со обезбедување на евтин гас и искористување на геотермалната вода. Во првата година ќе се изготви потребна проектна документација, а во втората година отпочнување на етапна реализација на проектот.

## Водовод

***Проблем:***

Обезбедување на квалитетна и евтина вода за граѓаните.

Иако многу ветуваше, сегашната локална самоуправа во соработка со централната власт не направи ништо за решавање на овој проблем.

Безмилосно се троши скапата вода за пиење за наводнување и полевање на зелените површини.

***Решение:***

До секое населено место од општината ќе биде обезбедено вода за пиење.

Отпочнување на изградба на брана Речани на Оризарска река и изградба на цевковод од браната Речани до Фабриката за вода.

Како времено решение ќе се реконструира потисниот цевковод од Грдовски орман до град Кочани.

Етапно продолжување со реконструкција и замена на старата секундарна водоводна мрежа.

Ќе ја искористиме како технолошка вода водата од акумулациите од брана Гратче и брана Калиманци преку постоечките цевководи.

***Проблем:***

Неподмирување на сметките поради лошата социјална положба во која се наоѓаат одредени социјални групи (стечајци, социјални случаеви, и други маргинализирани групи).

***Решение:***

Изготвување на социјални пакети за бесплатно користење на определена количина на вода.

## Канализација

***Проблем:***

Неподносливиот мирис од фекалните води што се испуштаат во Кочанска и Оризарска Река и од излевањето на истите од несоодветната канализациона мрежа, претставуваат потенцијален извор на болести;

***Решение:***

Прифаќањето на отпадните води ќе го реализираме со изградба на колекторска (собирна) мрежа која ќе води до пречистителна станица за која во претходните мандати имаме изработено проектна документација.

***Проблем:***

После секои обилни врнежи Кочани е грда слика на поплавена урбана средина.

***Решение:***

Изградба на атмосферска канализациона мрежа која ќе ги одвои атмосферските од фекалните отпадни води. Проектот ќе се реализира етапно, при што прво ќе се

решат најкритичните места на улиците „Димитар Влахов“, „Лазар Андонов“ и „Теодосија Паунов“.

Ќе го регулираме коритото на поројот „Трајаново трло“ кој прави големи штети при секој пороен дожд.

***Проблем:***

Незамисливо е во 21 век домаќинствата да немаат инсталирано канализација.

***Решение:***

Уште во првата година ќе се направи увид на ваквата состојба и до крајот на нашиот мандат нема да постои домаќинство без приклучена канализација.

# Асфалтирање улици и поправки

***Проблем:***

Неасфалтирани улици во сите периферни делови на градот и неасфалтирани улици во сите рурални места.

***Решение:***

Асфалтирање на поголем број на улици во градот при тоа давајќи се приоритет на оние улици кои не се изградени подолг временски период и оние на кои живеат поголем број на жители. Со принцип на асфалтирање од почеток до крај.

И тоа:

50та Македонска дивизија;

13та Македонска бригада;

3та Македонска бригада;

Крум Вранински;

15ти Македонски корпус;

Кресненско востание;

Ѓорче Петров;

Искра (два крака);

Роза петрова (крак);

Димитрија Лазаров;

Пиринска;

Ѓорѓи Пулевски;

1ви Мај;

Гоце Делчев (крак);

Блаже поп Арсов (крак);

Мишо Арсов;

Февруарски Поход;

Карпошово востание;

Ване Грдовјански;

Боро Ефремов;

Стамен Манев;

Славчо Стоименов;

Орце Николов;

Митко Тодоров;

Довршување на двете кејски улици во Оризари;

Карл Маркс (Оризари);

Комплетирање на проектна документација за Пазарски пат.

Во четиригодишниот мандат асфалтирање на најмалку 2 улици во секое рамничарско село.

Предвидената инфраструктура ќе биде реализирана тековно, согласно динамиката на собирањето на средствата од таксата за комунално уредување и други наменски средства.

***Проблем:***

Ископани и небетонирани тротоари.

***Решение:***

Бетонирање и поплочување на тротоари со бекатон плочки. Посебен акцент ќе се стави на поплочување на тротоарите од централното градско подрачје, а пред се поплочување на тротоарите по кејот на Кочанска река.

## Сообраќај

***Проблем:***

Метеж во сообраќајот.

***Решение:***

Регулирање на сообраќајот преку изградба на кружни токови.

***Проблем:***

Тешка комуникација на населението во планинските села.

***Решение:***

Редовно прочистување на земјените патишта од ридско-планинскиот дел.

Во овој дел од општината ќе се асфалтираат патните правци:

Доизградба на патот до с.Лешки,

Асфалтирање на патот Пантелеј-Рајчани;

Реконструкција на асфалтот во с.Бели;

Асфалтирање на патот од Брана Гратче до Влашка Ораница (кон с.Јастребник);

Асфалтирање на пат од м.в. Распаќе (Полаки) до манастирот Св. Спас со изградба на мост преку Голема река;

Асфалтирање на пат од м.в. Распаќе (Полаки) до рибникот на Бела Река со мост преку истата;

Асфалтирање на пат до с. Костин Дол;

Асфалтирање на дел од пат од Оризари до Пресека;

Асфалтирање на дел од патот Оризари-Пресека со поврзување со манастирот Добра Вода;

Асфалтирање на пат од Мегданот до Манастирот Бочвенец.

## Мостови

***Проблем:***

Недоволна сообраќајна поврзаност на деловите од градот поделени со Кочанска Река.

***Решение:***

Изградба на сообраќајни мостови кај м.в. Џамијата, м.в. Монополски бавчи, м.в. Бавчалук.

***Проблем:***

Недоволна сообраќајна поврзаност на деловите од село Оризари поделено со Оризарска Река.

***Решение:***

Реконструкција и проширување на мост во месност Витоша на Оризарска река.

## Паркинзи

***Проблем:***

Сообраќаен метеж и хаос во градот.

***Решение:***

Обезбедување на поголем број на паркинг места преку изградба на јавни паркинзи и катни гаражи со поддршка и стимулирање на инвеститорите и обезбедување на соодветни локации за изградба на истите.

# Речно корито

***Проблем:***

Неуредено речно корито на периферијата од градот.

***Решение:***

Имиџот на градот е прекрасното корито на Кочанска река. Наша определба е да ја зголемиме должината на уреденото речно корито. За таа цел ќе го уредиме речното корито од Машински мост до Градскиот стадион и од Мостот кај Џамијата до м.в. Гоцева шума.

Уредување на м.в. Пандова воденица на Кочанска Река како излетничко и рекреативно место по примерот на Гоцева шума.

# Пазари

***Проблем:***

Хаос во пазарен ден и нерегулирани односи согласно законот за пазар.

***Решение:***

Ново техничко решение за градскиот пазар;

Нов начин на стопанисување со пазарите во градот;

Осовременување на помалите пазарчиња кај Автобуската станица и м.в. Сиви дом;

Обезбедување локација за ново пазарче кај Усова чешма и нови локации согласно барањата и потребите на граѓаните од разни делови од градот.

# Регулација на речните корита

***Проблем:***

При поголем атмосферски врнежи доаѓа до поплавување на рамничарските села како резултат на лошата регулација на речното корито на река Масалница и на Кочанска река.

***Решение:***

Навремено и редовно чистење на речните корита и постојана контрола за елиминација од неовластено користење на речните корита.

# ИНВЕСТИЦИИ

## Нови капитални објекти

***Проблем:***

Недоволна искористеност на геотермалниот потенцијал.

***Решение:***

Адаптација на постоечкиот Градски базен со доизградба на придружни објекти во затворен простор, со што истите би можеле да се користат 12 месеци во годината. Рационално искористување на геотермалната вода, која поминува на неполни 20 метри од него. Со овој проект економски бенефит ќе имаат граѓаните од нашата Општината.

Стимулирање на јавно-приватно партнерство за изградба на бањолошко-рекреативен и спортски центар со сите пропратни содржини (аква парк, хотел со содржини за релаксација, спа центар, картинг патека и терени за останати спортски активности);

***Проблем :***

Недоволна искористеност на тениските игралишта во текот на целата година.

***Решение:***

Покривање на дел од тениските игралишта со што игралиштата ќе се користат 12 месеци во годината. Ова ќе претставува основ за развивање на тенисот како на професионален така и на масовен – рекреативен план.

***Проблем:***

Немање на соодветен Градски парк во општина Кочани

***Решение:***

Комплетно преуредување и осовременување на просторот на постоечкиот Градски парк.

Планирање на простор на локацијата на м.в. Локубија и негово уредување како зелена површина во шума-парк.

Уредување на зелени површини во облик на мини парк во секоја урбана и месна заедница во општина Кочани.

***Проблем:***

Непостоење на класичен плоштад во општина Кочани

***Решение:***

Нови дизајн и уредување на Градскиот плоштад.

## Економски развој

***Проблем:***

Кочани е град со најголема стапка на невработеност во Македонија. Невработеноста предизвикува иселување на граѓаните.

***Решение:***

1 Отворање на откупно дистрибутивен центар на земјоделски производи со пропратна инфраструктура и објекти (магацини и ладилници за складирање и чување на свежо и смрзнато овошје и  зеленчук);

2 Поднесување на иницијатива за отворање на технолошко-економска зона (слободна економска зона) во Кочани;

3 Возобновување на микрокредитирањето на мали и семејни бизниси со буџет од 3 милиони денари секоја година;

4 Стимулирање на инвестиции за отворање на нови работни места, преку систем од субвенции кои се под ингеренција на локалната самоуправа според следните критериуми:

Висина на инвестицијата,

Број на вкупно нови вработувања,

Број на вработувања на млади високо образовни кадри,

Користење на суровина од домашно потекло,

Воведување на нови технологии и креирање на нови асортимани на производи,

Еколошки аспект на производните погони,

5 Укинување на фирмарина за сите новоотворени фирми во првата година од формирањето;

6 Процентуално намалување на обврската за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште според бројот на вработувањата за инвеститори кои би вработиле од 10 до 100 лица;

7 За инвеститори кои би вработиле над 100 лица комплетно уредување на градежното земјиште од страна и за сметка на општината;

8 Непосредна соработка со бизнис секторот во делот на креирање на буџетот, поточно на насочување на средствата за капитални расходи за потребите и приоритетите на бизнис секторот;

9 Искористување на потенцијалите за туризам:

Бањолошки, рекреативен и спортски туризам;

Зимски и планински туризам (Пониква);

Алтернативен туризам (Пантелеј, Јастребник, Полаки и селата околу Бела река);

10 Намалување на цената за приватизација (трансформација) на изградените градежно земјиште.

11 Ефикасно искористување на локалните потенцијали и ресурси – целосна поддршка од локалната самоуправа за мали иновативни компании. Востанување и доделување на награди за најиновативен бизнис врз основа на број на развиените работни места и применливост на проектите.

12 Ќе организираме отворени денови за презентација на индустриите во општината и нивна промоција до странските амбасади и можни донатори.

13 Ќе вршиме интернационално промовирање на потенцијалните бизниси од општината на светски саеми.

14 Креирање на општинската политика за вработување си активни мерки за вработување:

Организирање на јавни работи;

Преквалификација и доквалификација на кадри со средства од буџетот.

15 Најмалку еднаш годишно ќе организираме бизнис форум меѓу стопанствениците од општината и стопанствениците од странски општини и држави.

16 Ќе формираме Инкубатори (места за развој на мали претпријатија) за развој на лесна индустрија.

# ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## Едношалтерски систем

***Проблем:***

Бавно решавање на проблемите на граѓаните поврзани со услугите кои ги дава општината и јавните претпријатија кои се под надлежност на општината.

***Решение:***

Воведување на Систем 48. Поставување на СОС телефон на кој што граѓаните можат да го пријават својот проблем, а на кој службите кои се под ингеренции на локалната самоуправа ќе реагираат и ќе го решат во рок од 48 часа.

***Проблем:***

Недоволна информираност на граѓаните од периферните делови на општината со услугите кои ги нуди едношалтерскиот систем и дополнителните трошоци што настануваат при нивното доаѓање од местото на живеење до локалната самоуправа.

***Решение:***

Отворање на едношалтерски канцеларии во Оризари и Г. Подлог кои ќе бидат електронски поврзани со едношалтерскиот систем во Кочани и кои на локалното население ќе го нуди истиот квалитет на услуги како што ги има едношалтерскиот систем во Кочани.

***Проблем:***

Преобемна и нефункционална општинска администрација без конкретни работни задачи што резултира со неквалитетна и бавна услуга кон граѓаните.

*Решение:*

Комплетна реформа на општинската јавна администрација во период од три месеци од стапување на должноста, што ќе резултира со добивање на мала, функционална и ефикасна администрација.

## Јавен превоз

*Проблем:*

Несреден такси превоз во општината, што доведува до нелојална конкуренција и нерегулирани цени за услугите кои ги користат граѓаните.

*Решение:*

Воспоставување на систем за јавен превоз преку лоцирање и изградба на постојки и избор на лиценцирана компанија која ќе го врши јавниот превоз со утврдени релации и саатници. Постојките ќе бидат обезбедени со настрешници.

Конечно разрешување на нелојалната конкуренција во такси превозот и ставање ред во истиот во соработка со Синдикатот на такси превозници.

Зголемување на такси постојките според потребите на граѓаните.

# КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ

## Младинска политика

***Проблем:***

Невработеност и апатија кај младите луѓе во Општина Кочани.

***Решение:***

Иднината на општината е во рацете на младите генерации. За нив не треба само да се разговара, за нив треба да се преземат конкретни активности. Политиката на СДСМ е да ги вклучи младите како активни чинители во развојот на општината.

Затоа во четиригодишниот мандат ќе овозможиме:

Младинска стратегија и акционен план. Со институционална, административна и финансиска поддршка на локалната самоуправа, ќе им овозможиме на младите да изготват младинска стратегија до 2015 година и акционен план. Младинската стратегија ќе биде понудена на усвојување во Советот на Општината и ќе добие третман на официјален стратешки документ.

Младински совет и детски парламент. Ќе формираме општинско тело составено од 120 млади лица претставници на основните и средните училишта, како и претставници од студентската младина. Ова тело ќе одлучува за реализација на 5% од општинскиот буџет за младински и капитални проекти;

Формирање на општински фонд за стипендирање на студенти. Најуспешните студенти во оние области кои се дефицитарни за општината, ќе добиваат месечна стипендија од локалната самоуправа.

Поддршка на младинските организации. Локалната самоуправа ќе ги поддржува проектите на младинските организации кои работат на превентивни програми за намалување на зависниците од дрога, алкохол и цигари. Исто така ќе ги поддржуваме младинските проекти за превентивната здравствена заштита, ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести, рана бременост, малолетничка деликвенција, насилството врз младите и други девијантни појави.

# Екологија, зеленило

***Проблем:***

Мала свест за екологијата и одржувањето и проширувањето на зелените површини. Немање прогрес на мерките за заштита на животна средина.

***Решение:***

Зголемување на зелените површини на територија на општина Кочани.

Непосредна соработка со определени целни групи (НВО, пензионерски клубови, младински организации, граѓани) за проширување на зелените површини преку доделување на садници, стручна помош околу уредување и аранжирање на просторот и логистичка поддршка за одржување на веќе постоечките зелени површини.

Уредување на излетнички и рекреативни места по идеи и предлози од граѓаните.

***Проблем:***

Во летните денови инвазија на комарци.

***Решение:***

Темелно решавање на проблемот со комарците преку авионско и теристичко прскање во градот и околните места.

# Третман на отпадот

***Проблем:***

Нередовно и неквалитетно собирање на комуналниот отпад и складирање на несоодветна локација каде отпадот се пали и од чадот се загадува животната средина и влијае штетно врз здравјето на луѓето.

***Решение:***

Редовно собирање на отпадот во точно определено време (ден) во неделата со точен распоред по улици.

Селективно собирање на отпадот во посебни канти за органски отпад, посебно за пластичен отпад, посебно за хартија.

Во одреден ден ќе се собираат непотребните предмети и стари и хаварисани возила.

Во соработка со општините во регионот, започнување со изградба на регионална депонија по сите технички европски стандарди;

Преработка на селектираниот пластичен отпад и рециклирање на отпадот од хартија;

# Образование

***Проблем:***

Лошо менаџирање во образованието бидејќи истото е подредено само за вработување, а не за образовниот процес. Кумулирање на долговите за превоз на ученици, за затоплување и за електрична енергија. Во поедини училишта, посебно во селските средини, училишните објекти и инфраструктурата е во очајна состојба.

***Решение:***

Менување на начинот на менаџирање на училиштата. Домаќинско и квалитетно располагање со буџетот на училиштата во насока на задоволување на потребите на учениците.

Реконструкција на училишните објекти со промена на фасадите, столаријата, електриката и сите останати елементи кои ќе придонесат за добивање на енергетски ефикасни објекти, со што ќе се заштедат значителни финансиски средства.

*Проблем:*

Непостоење на сместувачки капацитети за средношколците од регионот кои учат во средните училишта во градот и  високи трошоци за превоз на истите.

*Решение:*

Изградба на ученички интернат на предвидена локација во склоп на СОУ „Ѓошо Викентиев“ преку јавно приватно партнерство.

*Проблем:*

Младите брачни парови кои се работно ангажирани немаат можност за згрижување на нивните деца во текот на работната недела.

*Решение:*

Отворање по една паралелка за целодневна настава во сите основни училишта.

*Проблем:*

Неможност на децата од социјално загрозени семејствата да посетуваат дополнителни курсеви за нивна лична надградба.

*Решение:*

Организирање на бесплатни курсеви (за странски јазици, скијање, пливање, информатика и сл.) за деца од социјално загрозени семејства кои ќе ги држат стручни невработени кадри кои како волонтери ќе бидат ангажирани и платени од страна на општината.

*Проблем:*

Недоволна практична настава на учениците по завршувањето на средно образование.

*Решение:*

Организирање на практична настава на учениците од средно образование во стопанските субјекти на територијата на општина Кочани во соработка со бизнис

секторот. На тој начин ќе се добијат кадри кои ќе бидат практично обучени со потребите на стопанството на општина Кочани.

***Проблем:***

Недоволна заинтересираност на училиштата за изнаоѓање на дополнителни средства за финансирање.

***Решение:***

Формирање на проектни тимови за секое училиште, чија обврска ќе биде да подготвува проекти и да аплицира до соодветни институции за добивање на дополнителни финансиски средства. Тимовите ќе бидат формирани од наставниот и стручен кадар во училиштата.

***Проблем:***

Непостоење на центар за образование за возрасни.

***Решение:***

Ставање во функција на центарот за образование на возрасни преку институализирање на превземениот работнички универзитет.

***Проблем:***

Зголемување на трошоците на образовните институции во општината за енергенси.

***Решение:***

Промена на фасадите и крововите етапно на сите образовни институции во општината со што би се заштедило енергија и финансиски средства кои би можеле да се искористат за други намени.

***Проблем:***

Немање на простор за изведување на настава по физичка култура во зимски период.

***Решение:***

Во прво време адаптирање на постоечки простор, а подоцна и изградба на сала за изведување на настава по физичка култура во ООУ Раде Кратовче.

***Проблем:***

Неспроведување во пракса на проект Компјутер за секое дете.

***Решение:***

Рекапитулација на употребливата опрема која ја поседува секое училиште и согласно истата уредување на кабинети со компјутери со финансиска поддршка на општината.

***Проблем:***

Непостоење на градинка во с. Оризари

***Решение:***

Отворање на детска градинка во с. Оризари.

***Проблем:***

Недоволна организираност на младите.

***Решение:***

Формирање на младински и спортски клубови во секое училиште каде посетата на учениците ќе биде бесплатна.

# Спорт и спортски клубови

***Проблем:***

Спортот во градот е на најниско можно рамниште.

***Решение:***

Во првите шест месеци донесување на стратегија за спорт, во чија изработка ќе бидат вклучени сите спортски работници во општината.

***Проблем:***

Мала буџетска поддршка на општината во областа на спортот.

***Решение:***

Двојно зголемување на средства во програмата за спорт. 50% од истите ќе бидат искористени за поддршка на масовниот спорт, а останатите 50% наменети за потребите на постоечките спортски друштва на територијата на Општина Кочани. Средствата ќе бидат доделувани по утврден правилник во кој приоритет ќе им се даде на поединците и клубовите кои што бележат забележителни успеси.

***Проблем:***

Слаба заинтересираност на младата популација со бавење на спортски активности и напуштање на општината од страна на спортистите кои оствариле забележителни резултати во поедини спортски дисциплини

***Решение:***

Стипендирање од страна на општината на сите спортисти кои ќе постигнат позначајни успеси на државно и меѓународно ниво. Со тоа ќе се постигне да постои натпревар помеѓу активните спортисти за постигнување на подобри резултати, а со тоа ќе се афирмираат поголем број на млади луѓе да се занимаваат со спорт.

***Проблем:***

Непостоење на ракомет во град Кочани.

***Решение:***

Изградба на спортска сала, возобновување на ракометниот спорт во градот.

# Култура

***Проблем:***

Во периодот од четиригодишното практикување на локалната власт од страна на постоечката гарнитура, домот на културата „Бели мугри“ беше оставен на милост и немилост на забот на времето.

***Решение:***

Целосна реконструкција на домот на културата „Бели мугри“ Кочани.

***Проблем:***

Губење на сјајот на манифестацијата „Кочански денови на оризот“.

***Решение:***

Формирање на посебен граѓански организационен одбор кој ќе биде задолжен за збогатување на содржината и квалитетот на манифестацијата.

***Проблем:***

Недоволно развиено библиотекарство.

***Решение:***

Просторно доуредување на постоечката библиотека (преуредување на подрумските простории во магацински простор) и нејзина афирмација по училиштата во Кочани преку формирање на нејзини одделенија во истите и преку фузирање со постоечките училишни библиотеки.

***Проблем:***

Непостоење на музеј.

***Решение:***

Формирање на институција Музеј на град Кочани со следните одделенија: Одделение за историја, за археологија, етнологија, историја на уметноста со

Галерија на икони. Одредување на локација за музејска зграда, уредување на просторот според важечките стандарди и обезбедување на опрема.

***Проблем:***

Непостоење на постојана уметничка галерија.

***Решение:***

Обезбедување на простор и негова адаптација во Уметничка галерија Кочани.

***Проблем:***

Негрижа кон историското наследство.

***Решение:***

Реконструкција и ревитализација на Средновековната кула на ул. Крушевска и поправки во ентериерот на Средновековната кула на ул. Илинденска.

***Проблем:***

Непостоење на професионален театар.

***Решение:***

Формирање на институција Театар на град Кочани, обезбедување на простор, опрема и стручен кадар.

***Проблем:***

Недоволно инвестирање во културните друштва и културните манифестации.

***Решение:***

Поголема поддршка на сите културни друштва на територијата на општина Кочани, како и на сите културни манифестации со цел да се подигне нивото на квалитет и гледаност (популарност).

***Проблем:***

Непостоење на зачувана стара архитектура.

***Решение:***

Откуп на објект од старата архитектура на Кочани и негово реставрирање.

# „МОЕТО МААЛО“, „МОЕТО СЕЛО“

## Централно градско подрачје

Улици: Маршал Тито, Димитар Влахов, Кеј на револуцијата

Обезбедување на паркинг простор;

Уредување на Градскиот плоштад;

Уредување на Градскиот парк и Стариот парк;

Реконструкција на тротоарите по кејот на Кочанска река;

## Усова чешма

Улици: Македонска, Ѓоргија Пулевска, Искра, Климент Охридски, Крум Вранински, Никола Вапцаров

Изградба на Црквата Св. Преображение Христово (во дворот на Водостопанството);

Изградба на детски паркови;

Асфалтирање на повеќе краци;

Покривање на каналот за наводнување;

## Оризари

Асфалтирање на повеќе улици;

Изградба на детска градинка;

Изградба на детско игралиште;

Изградба на спортска сала;

Асфалтирање на патот до Добра вода;

# Валог

Улици: Роза Петрова

Изградба на тротоари;

Уредување на зелени површини;

Техничко уредување на зеленото пазарче;

Организирање на јавен превоз

# Белско маало

Улици: Први Мај, Роза Петрова, Бел Камен, Раде Кончар, Ѓорче Петров

Изградба на фудбалско игралиште;

Изградба на детски парк;

Покривање на каналот за наводнување;

Асфалтирање на повеќе краци од овие улици;

# Егејско маало

Улици: Гошо Викентиев, Плачковица, 9ти Мај, Рајко Жинзифов, Иван Иванов Балашот, 4ти Мај

Хортикултурно уредување на просторот околу Хемиското;

Бетонирање на сите тротоари;

Хортикултурно уредување на комплексот АСНОМ;

Замена на дотраените водоводни цевки и подобрување на притисокот на водата;

# Рамничарски села

Места: Тркање, Горни и Долни Подлог, Мојанци, Грдовци, Прибачево

Асфалтирање секоја година по најмалку една улица;

Уредување на детски урбани паркови во секое село;

Редовно чистење на речното корито;

Отворање на детска градинка

## Бавчалук

Улици: Борис Трајковски, Раде Кратовче, Боро Ловџија, Гоце Делчев, Цар Самоил, Крушевска, Ударничка, Питу Гули, Христијан Карпош, Александар Македонски

Уредување на делот пред детската градинка;

Уредување на кејот на реката;

Асфалтирање на улицата Александар Македонски;

Бетонирање на сите сокаци во овој дел